Makarijoska, Liljana

**Нови изданија од обласcа на македонистиката**

*Opera Slavica.* 2009, vol. 19, iss. 4, pp. 38-44

ISSN 1211-7676

Stable URL (handle): https://hdl.handle.net/11222.digilib/117107
Access Date: 19. 02. 2024
Version: 20220831

Terms of use: Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University provides access to digitized documents strictly for personal use, unless otherwise specified.

Masarykova univerzita
Filozofická fakulta

Digital Library of the Faculty of Arts, Masaryk University
digilib.phil.muni.cz

## * ROZHLEDY *

### Нови изданија од областа на македонистиката

Лилјана Макаријоска (Скопје)

Во рамки на манифестацијата 2008 – Година на македонскиот јазик Институтот за македонски јазик, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура беа носители на поголем број активности, но и на значајни изданија од областа на македонистиката. Ќе ги спомeнеме книгата на Иван Доровски и Емилија Црвенковска под наслов *Лексикон на странски македонисти*, издание на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, трудот *Македонскиот јазик како предмет во славистиката и балканистиката* од Рина Усикова, што претставува македонско-руско издание на избор текстови посветени на македонскиот јазик, пригодното издание *Македонскиот јазик во глобалниот свет* на неколку јазици[1].

Издавачката дејност од областа на македонистиката опфаќа и други изданија издадени кон крајот на 2008 и почетокот на 2009 год.

Ќе се осврнеме на најновите изданија од областа на македонистиката и тоа на новата граматика на македонскиот јазик, новите лексикографски трудови, како и на монографиите посветени на различни области од македонската наука за јазикот.

Стојка Бојковска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Димитар Пандев, Живко Цветковски, **Општа граматика на македонскиот јазик**, Просветно дело, Скопје 2008, 470 стр.

Во граматиката што им е наменета и на учениците, студентите, но и на оние што се занимаваат со јазична проблематика воопшто, се обработуваат сите области од науката за јазикот и тоа во рамки на повеќе глави: *Науката за јазикот*, во која се по-

[1] Издадени се и материјалите од јавните расправи за *Статусот на македонскиот јазик во наставата, Македонскиот јазик и информатичката комуникација*, Филолошки факултет „Блаже Конески“,Скопје 2008; *Изучувањето на македонскиот јазик како странски*, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2008; *Македонскиот јазик и средствата за јавно информирање*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2008; *Македонскиот јазик во современиот превод на Библијата*, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2008.

светува внимание на предметот и задачите на науката за јазикот, на јазиците во светот, видовите писма итн., *Историски развиток на македонскиот јазик* што го опфаќа периодот од почетоците на словенската писменост до современиот стандарден јазик, а е посветена и на местото на македонскиот јазик во јужнословенските и балканските јазици, *Ширење на функциите на народниот јазик,* што претставува осврт и на јазикот на дамаскините, на погледите за јазикот и во XIX век, на преродбата и на кодификацијата на македонскиот литературен (стандарден) јазик, потоа *Фонетика и фонологија* со посебен акцент на гласовните промени и на акцентот, *Правопис и правоговор* со комплексен преглед на правоговорот и правописот на одделни гласови, како и на транскрипцијата на туѓите имиња со македонска азбука, *Морфологија* со комплексно претставување на граматичките категории кај именките, придавките, заменките, глаголите итн., како и на неменливите зборови, *Лексикологија, лексикографија и фразеологија* во која посебно внимание се посветува на: лексичките значења, речничкиот состав на македонскиот јазик, *Синтакса* со сеопфатно претставување на граматичката структура на реченицата, видовите сложени реченици, *Стилот и стилистиката* посветен на јазичните изразни средства од стилистичка гледна точка и на функционалните стилови, *Дијалектологија* со посебен осврт на дијалектната диференцијација на македонскиот јазик, на основните дијалектни групи на македонскиот јазик и *Ономастика*.

**Толковен речник на македонскиот јазик, т. 4** (П), гл. редактор: К. Конески, ред.: С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2008, 680 стр.

Четвртиот том од Толковниот речник на македонскиот јазик ги содржи лексичките единици со почетна буква П[2]. Иако според првичниот план Речникот требаше да биде објавен во четири тома при установувањето на методолошките принципи, изборот на лексичките единици и дополнувањата се наложи тој да биде издаден во шест томови, па значи преостануваат уште два тома. Со Речникот во голема мера се дефинира лексичкиот фонд, местото на архаичната, дијалектната и интернационалната лексика, синонимната и фразеолошката употреба на лексичките единици. Тој секако е основа за истражување на македонскиот лексичкиот систем, основа за работа врз синонимен, фразеолошки други тематски речници, како и за споредбени славистички и балканистички истражувања. Со оглед на тоа што овој том се одликува со богатството на префиксираните лексички единици тој нуди и богат материјал од областа на зборообразувањето.

Коста Пеев, **Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел**, т. 5, Скопје 2009, 400 стр.

Новиот том од *Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел* го содржи лексичкиот материјал со почетните букви Р и С[3]. Во одделот под наслов *Одбрани граматички прашања* се застапени три статии и тоа: *За дописката од Солун-*

---

[2] Првиот том (А–Ж), вториот (З–К), третиот (Л–О).

[3] Претходните томови се издадени во 1999, 2002, 2004, четвртиот во 2006 год.

*ско што го отвори патот за победа на Македонската теорија за потеклото на старословенскиот јазик, За некои специфичности на говорот во Пазарско* и *Откривање на македонскиот јазик од европските лингвисти* со кратки прикази на трудовите од В. Ст. Караџиќ, В. Григорович, А Попстоилов, В. Облак, А. Вајан, М. Малецки, А. Селишчев, Б. Видоески, З. Голомб и др. Томот завршува со Список на скратеници од користена литература.

Речникот содржи богат дијалектолошки, етнографски, материјал од народното творештво, па е комплетно претставување на речничкото богатство на: кукушкиот, солунскиот, серскиот, воденскиот и ениџевардарскиот говор.

Снежана Велковска, **Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник,** Скопје 2008, 375 стр.

Оваа книга е втора книга на Велковска од областа на македонската фразеологија[4]. Поделена е на два дела. Првиот дел насловен како *Студии за македонската фразеологија* ги опфаќа прилозите посветени на фразеологијата на Мисирков, на фразеологијата и синтаксата, на фразеолошките изрази со архаизирани јазични елементи, на сличностите и разликите меѓу македонската и украинската фразеологија, на фразеологизмите, благословите и поздравите кај Македонците во Албанија. Вториот дел го претставува фразеолошкиот речник, а во прилог се дадени и литературата за македонската фразеологија и индекс.

Зозе Мургоски, **Лексикон на странски зборови**, Скопје 2009, 575 стр.

Содржи над 20.000 странски зборови со толкувања, актуелни термини и неопходни податоци за потеклото на зборовите и тоа од повеќе области: од деловното работење, информатиката, медицината, природните науки, уметноста, религијата итн.

Елизабета Ралповска, **Лексичко-семантичката група зборови со значење „овошје“ во македонскиот јазик (семантичка и зборообразувачка анализа),** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 52, Скопје 2008, 271 стр.

Целта на овој труд е семантичка анализа на лексичко-семантичката група *овошје* врз основа на пишуваната, преводната и стручната литература, како и на секојдневната јазична практика. Претставено е именувањето на 57 единици од групата овошје и образувањата од нив, разликите во формите и значењата.

Трудот е поделен на четири поглавја. *Номинација и стандардизација на единиците од лексичко-семантичката група 'овошје'; Полисемантичко варирање; Деривациско варирање, Прилози (Речник и илустрации* на обработуваните овошки), *Заклучок,* како и Индекс на единиците од лексичко-семантичката група овошје и Литература.

Се разгледуваат термините како општи и посебни лексеми и статусот на термините во лексичкиот систем, поделбата на зборовите од лексичко-семантичката група 'овошје' (од стручен и од јазичен аспект), номинативната употреба на единиците од

[4] Првата е *Белешки за македонската фразеологија,* Скопје 2002 год.

оваа лексичко-семантичката група, полисемантичкото варирање. При анализата се претставени основните и секундарните значења на секоја лексема, а посебно внимание се посветува на деривациското варирање, односно на деривацијата како модел на семантичко варирање.

Фани Стефановска-Ристеска, **Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување во македонскиот стандарден јазик,** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", кн. 53, Скопје 2008, 240 стр.

Трудот опфаќа лексичко-семантичка анализа на називите за облеката и нејзините составни делови како и на називите поврзани со процесот на изработка на облеката, називите на обувките, покривалата за глава, називите за текстил итн. Содржината на трудот е поделена на неколку поглавја. Покрај *Воведот*, следат поглавјата: *Облеката низ историјата*, *Лексичко позајмување*, *Деривација на називите од тематското подрачје облека и облекување*, *Лексичко-семантичка анализа на тематското подрачје облека и облекување*, *Речник* на зборовите од оваа тематска област, *Заклучок*, на крајот *Користена литература*, *Ексцерпирани текстови*, *Индекс*. Се следи и семантичката структура на лексичките единици од аспект на влијанието на балканските јазици (грчкиот, турскиот, бугарскиот, српскиот). Не се запоставува ниту зборообразувачкиот аспект, зборообразувачките промени на речничкиот состав ниту проблемот на фонолошко-морфолошката адаптација на зборовите од туѓо потекло.

**Македонскиот јазик, минатост – сегашност – иднина**, Зборник, Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", кн. 54, Скопје 2008.

Оваа книга е зборник од реферати од Научниот собир по повод педесетгодишнината од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје и стогодишнината од објавувањето на книгата „За македонцките работи" од Крсте Петков Мисирков, одржан во 2003 год. Прилозите третираат прашања од сите области на македонистиката: историјата на македонскиот јазик, дијалектологијата на македонскиот јазик, македонската ономастика и пред с# од областа на современиот македонски јазик. Некои засегаат поконкретни теми, а други презентираат резултати од подолгорочни истражувања на индивидуален план или во рамки на научноистражувачките проекти, комплексно ја претставуваат состојбата со употребата на македонскиот јазик денес, во контекстот на актуелните општествени односи, или претставуваат пресек на лингвистичките проучувања од одделни области во изминатиот петдецениски период. Зборникот ќе придонесе за натамошни проучувања на македонскиот јазик

Снежана Петрова-Џамбазова, **Зборoредот во рамките на именската група во прозата на Славко Јаневски,** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", кн. 55, Скопје 2008, 100 стр.

Предмет на трудот е преглед на промените во зборoредот на именските групи употребени во прозните дела на Славко Јаневски, со оглед на нивната комуникативна и стилска функција. Трудот е поделен на неколку поглавја: *Зборoредот во лингвистичката литература; Македонистиката за зборoредот воопшто, во македонскиот јазик и во рамките на именската група; Зборoредот во рамките на именска-*

*та група во прозата на Славко Јаневски (анализа на материјалот); Заклучни белешки*. Анализата го потврдува индивидуалниот стил на авторот, одразените општествени промени во јазикот и сл.

Симона Груевска-Маџоска, **Лексичка синонимија во македонскиот стандарден јазик,** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 56, Скопје 2008, 176 стр.

Трудот е посветен на проблемот на синонимијата како начин на збогатување на речничкиот состав на јазикот и може да претставува основа за изработка на Речник на синоними во македонскиот јазик, на кој веќе се работи во Институтот за македонски јазик. Ги опфаќа следните раздели: *Синонимијата како предмет на лингвистичко истражување, Синонимијата во различни научни дисциплини (Синонимијата и филозофијата, логиката, стилистиката), Теориски пристап кон синонимијата, Синонимијата од лексикографски аспект, Заклучни белешки*. Во трудот во основа на анализата се именките како најсоодветни за прикажување на синонимијата како јазична појава.

Катица Трајкова, **Nomina instrumenti во македонските црковнословенски текстови,** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 57, Скопје 2008, 128 стр.

Трудот е од областа на *историската лексикологија и зборообразувањето и* опфаќа лексичко-семантичка и зборообразувачка анализа на *nomina instrumenti*. Ги опфаќа дериватите што означуваат орудија за работа, алати, предмети и средства за работа, предмети и орудија за измачување и казна, садови, покуќнина, црковен инвентар и обредни предмети, потрошен материјал, оружје, музички инструменти, облека, ткаенини, обувки, накит, пари итн. Трудот е поделен во неколку поглавја: *За категоријата nomina instrumenti, Лексичко-семантичка анализа, Лексичко-семантички полиња, Карактеристични особености на категоријата nomina instrumenti, Граматичко-структурна анализа, Заклучок, Библиографија, Индекс на обработените зборови.* Лексиката од оваа категорија е главно од прасловенско, односно општословенско потекло, но има и заемки како грцизми, латинизми, протобугаризми. Анализата резултира со определени сознанија и во врска со продуктивноста на одделни суфикси, конкурентските односи, повеќезначноста на одделни суфикси итн.

Лидија Тантуровска, **Законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил врз примери од македонскиот јазик,** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 58, Скопје 2008, 148 стр.

Предмет на интерес е еден од потстиловите на административниот стил, главно врз материјалот од Службениот весник на Република Македонија. Трудот е поделен во неколку поглавја: *Општ преглед, Најстариот словенски правен споменик, Јазикот и законот* во рамки на кое се разгледуваат уставите на Република Македонија како јазични текстови, јазикот во други законски акти, како и стандардизацијата на географските имиња итн.; како и *Јазикот во законите* во кое се разгледува кохезијата во законодавно-правниот потстил, глаголските форми, јазичните подновувања итн.

**Кон истражувањата на македонските говори во Егејска Македонија (по повод 60-годишнината од прогонот на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија)**, ред. Лилјана Макаријоска, Убавка Гајдова, Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 59, Скопје 2008, 176 стр.

Со ова издание Институтот се вклучи во одбележувањето на 60-годишнината од прогонот на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија. Истражувањето на македонските говори во Егејска Македонија се од непроценливо значење за историјата и за дијалектологијата на македонскиот јазик, како и за меѓујазичните контакти. Изданието содржи најнапред библиографија на трудови посветени на македонските говори од егејскиот дел на Македонија од домашни и странски лингвисти, како и избор на трудови посветени на повеќе јужномакедонски говори: костурските, кајларскиот, мегленскиот, ениџевардарскиот, серсколагадинските говори. Сите овие трудови, кои се резултат на сеопфатно долгогодишно проучување се прилог кон сознанијата за македонскиот јазик и за целокупноста на неговата дијалектна основа.

Мери Цубалевска, **Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката),** Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 60, Скопје 2008.

Трудот претставува комплексна анализа на основните јазични, а пред сѐ лексички особености на Ваташкиот минеј од 1453 год. и овозможува подетален увид во големото лексичко богатство што го содржи овој минеј, што со своите специфични лексички и зборообразувачки особености ги збогатува сознанијата за лексичкиот фонд на црковнословенските текстови од македонско потекло. Тој е поделен во неколку поглавја. Покрај *Воведот* следат поглавјата: *Правописни и фонолошки особености, Морфосинтаксички особености, Зборообразувачки особености, Лексички особености, Записи,* следи *Заклучок, Библиографија,* а во прилог на трудот се дадени *Распоред и содржина на читањата, Индекс на заглавни зборови* и *Обратен индекс.*

**Културата и јазикот**, Зборник трудови, Јазикот наш денешен кн. 17, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2009.

Трудот претставува зборник од триесетина реферати од одржаниот научен собир под истиот наслов, во кој се разгледува односот на културата и јазикот од различни аспекти, од аспект на одразот на општествените и културните промени врз јазикот, на меѓујазичните контакти итн.

**Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо** (со И. Велев, Л. Макаријоска, Е. Црвенковска), Скопје 2008, стр. 127; **Macedonian literary monuments in Glagolitic and Cyrillic script,** contributors: I. Velev, L. Makarijoska, E. Crvenkovska, Skopje 2008.

Се претставуваат каталошки кратки податоци и илустрации на педесетина писмени споменици, пишувани од X до XVIII век со глаголско и со кирилско писмо, преку кои може да се согледа континуитетот на историскиот развој на македонскиот јазик. Ракописите нудат претстава за развојот на писменоста и во целина одразуваат дел од културната историја на македонскиот народ во средновековниот период. Во нив, особено почнувајќи од XII век, почнале да се диференцираат препознатливи македонски јазични црти. Во описот ракописите се подредени хронолошки, а покрај

податоци за времето на настанувањето, пишувачите, писмото, се укажува и на орнаментиката на ракописите, што покрај палеографското има големо значење и при утврдувањето на нивната хронолошка припадност. Се наведуваат и податоци за содржината, за записите, местото на чување на ракописот и збирката во која се чува, како и за литературата во која се обработува определен ракопис.

Несомнено, новите изданија од областа на македонистиката ќе придонесат за натамошни проучувања на македонскиот јазик од различни аспекти, како и за негово вклучување во пошироки славистички и балканистички истражувања.